НОВО СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 147. Дата: 15. 10. 2012.

## Чак Норис-факти

Во 2005, на интернет се појавија смешни и абсурдни изјави, поврзани со актерот Чак Норис, кои набргу станаа популарни по целиот свет. Познати се под името „Чак Норис-факти“. Самиот тој изјавил дека не е навреден од овие изјави и некои од нив ги смета за смешни. Подолу објавуваме некои од попознатите „факти“ за Чак Норис:



- Чак Норис може да одмати јајце.
- Чак Норис може да пие на екс, од чешма.
- Чак Норис може да кивне со отворени очи.
- Чак Норис може да пресече нож, со кашкавал.
- Чак Норис може да запали оган со триење на две коцки мраз.
- Чак Норис избројал до бесконечност ... два пати.
- Чак Норис веќе бил на Марс. Затоа таму нема живот.
- Бермудскиот триаголник бил квадрат, пред да дојде Чак Норис.
- Чак Норис е единствениот кој може да удари киклоп меѓу очите
- Чак Норис не носи часовник, тој сам одлучува колку е часот.
- Еднаш кобра го каснала Чак Норис. Набргу кобрата умрела.
- Некои луѓе успеваат да избегаат од бесот на Чак Норис. Нив ги викаат астронаути.
- Кога некој ќе преживее во тешка и опасна ситуација, велиме дека за влакно ја избегнал смртта. Но, еднаш смртта за влакно го избегна Чак Норис.
- Еднаш Чак Норис испил цело шише со таблети за спиење, по што намигнал, еднаш.
- Кога баба Рога оди да спие, проверува дали Чак Норис е под креветот.
- Некои деца носат пижами со ликот на Супермен. А Супермен носи пижами со Чак Норис.
- Кога Чак Норис и Супермен се туркале на рака, се согласиле оној што ќе загуби, да ги носи гаќите врз панталоните. Што мислите, кој загубил?
- Кога Александар Бел го измислил телефонот, веќе имал пропуштено три повици од Чак Норис.
- Чак Норис никогаш не бира погрешен број. Вие се јавувате на погрешен телефон.
- Кога Чак Норис прави градни склекови, тој не се подига нагоре, туку ја потиснува земјата надолу.



Чак Норис беше овде

Но, покрај овие измислени изјави, добро е да дознаеме и некои **вистинити факти** за Чак.

Тој е роден на 10.03.1940, во Оклахома, како трет син на Вилма и Реј Норис. Неговото вистинско име е Carlos Ray Norris. Името „Чак“ го добива додека служел во армијата на С.А.Д. Подоцна, почнува да тренира карате и станува карате шампион, 6 години по ред.

Филмската кариера ја започнува во 1969 и најчесто снима акциони филмови.

Чак Норис е и посветен христијанин. И покрај некои духовни падови, тој отворено зборува за својата вера во Исус Христос, иако во Холивуд денес тоа не е многу популарно.

На неговиот официјален вебсајт, има и рубрика под име „христијанска страница“. Самиот тој е автор на неколку христијански книги, а повремено настапува и во телевизиски емисии, со цел да зборува за христијанските вредности. Тој е член и на христијанска организација, која се залага за промовирање на Библијата и молитвата, во јавните училишта. Една позната изјава на Чак, гласи: „ Оние кои се обременети, нека се свртат кон Исус“.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**